

СЛИКА
ЗА
ВАШИОТ
ДОМ

# хаџи антоновски коста

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА * МОША ПИЈАДЕ * БИТОЛА, ОД 7 – 20 МАРТ 1980.

ПОКРОВИТЕЛ

# ро „Преспатекс"

## ТЕКСТИЛНА ФАБРИКА – РЕСЕН

---

СЛИКА ЗА ВАШИОТ ДОМ

МИНАТАТА ГОДИНА ХАЏИ АНТОНОВСКИ КОСТА ЈА ПРОСЛАВИ 20-ГОДИШНИНАТА ОД НЕГОВАТА АКТИВНА ЛИКОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ СО ОРГАНИЗИРАНИТЕ ИЗЛОЖБИ ВО ОХРИД, БИТОЛА И РЕСЕН. И ТРИТЕ ИЗЛОЖБИ БЕА ОТВОРЕНИ ПОД ПОКРОВИТЕЛСТВО НА НИП „НОВА МАКЕДОНИЈА" — МАРКЕТИНГ СКОПЈЕ, СВИЛАРНИЦАТА „ИЛИНДЕН" — БИТОЛА, И СИЗ ЗА КУЛТУРА И ДОМОТ НА КУЛТУРАТА — РЕСЕН.

ОВАА НАЈНОВА ИЗЛОЖБА НА ХАЏИ АНТОНОВСКИ ОРГАНИЗИРАНА ВО БИТОЛА ВО ЧЕСТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПРАЗНИК НА ЖЕНАТА — ОСМИ МАРТ, КОЈА КАКО ДЕЛ ОД КУЛТУРАТА ЗБОРУВА ЗА НАТАМОШНОТО ПОЗИТИВНО ЧЕКОРЕЊЕ НА ПАТОТ КОН РАЗМЕНА НА ТРУДОТ, НА ПАТОТ КОН ДОБЛИЖУВАЊЕ НА УМЕТНОСТА ДО СРЕЌАТА НА НАШИОТ РАБОТЕН ЧОВЕК.

ПОКРОВИТЕЛСТВОТО НА ОВАА ИЗЛОЖБА ОД СТРАНА НА „ПРЕСПАТЕКС" — РЕСЕН ЗАСЛУЖУВА ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ И ПРИЗНАНИЕ, БИДЕЈЌИ ВО ОВАА РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА СЕ ВРАБОТЕНИ ПРЕТЕЖНО ЖЕНИ НА КОИ АВТОРОТ ИМ ЈА ПОСВЕТИ ОВАА ИЗЛОЖБА.



КОСТА ХАЏИ АНТОНОВСКИ Е РОДЕН ВО БИТОЛА НА 22 МАЈ 1935 ГОД. ШКОЛА ЗА ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ ЗАВРШИ ВО СКОПЈЕ ВО 1958 ГОД. ВО КЛАСАТА НА ПРОФЕСОР ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ. РАБОТИ КАКО ЛИКОВЕН ПЕДАГОГ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ — БИТОЛА

АДРЕСА:

КОСТА ХАЏИ АНТОНОВСКИ
УЛ. МАРШАЛ ТИТО 48
БИТОЛА

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1958 ГОД. ДЕМИР ХИСАР
1960 ГОД. ТУЗЛА, ЖИВИНИЦЕ И БАНОВИЌИ
1961 ГОД. БИТОЛА И СКОПЈЕ
1962 ГОД. КРАГУЕВАЦ И БИТОЛА
1963 ГОД. МАРИБОР — ИЗЛОЖБА НАМЕНЕТА ЗА НАСТРАДАНОТО СКОПЈЕ
1964 ГОД. БИТОЛА И СКОПЈЕ — ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА „МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР".
1971 ГОД. ДЕМИР ХИСАР
1973 ГОД. КУМАНОВО И Ф-КА „11 ОКТОМВРИ"
1973 ГОД. БИТОЛА И Ф-КА „БИТОЛАТЕКС"-ЈУБИЛЕЈНА ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА „ЦВЕТОВИ" — 15 ГОДИНИ ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО.
1975 ГОД. БИТОЛА, Ф-КА „ПЕЛИСТЕР"
1979 ГОД. ОХРИД — ЈУБИЛЕЈНА ИЗЛОЖБА-20 ГОДИНИ ЛИКОВНО-ПЕДАГОШКА РАБОТА.
1979 ГОД. БИТОЛА — ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА „ЦВЕТНИ АКОРДИ"
1979 ГОД. РЕСЕН, Ф-КА „ПРЕСПАТЕКС" И „АГРОПЛОД" —РЕСЕН

НА КОЛЕКТИВНИТЕ ИЗЛОЖБИ: ВО БЕЛГРАД, СУБОТИЦА, ЕПИНАЛ (ФРАНЦИЈА), КУМАНОВО, РЕСЕН, ШТИП, БИТОЛА.

## Н А Г Р А Д И

### ЗА СЛИКАРСТВО

НАГРАДАТА 4 НОЕМВРИ НА ГРАД БИТОЛА ЗА 1962 ГОДИНА, ОТКУПНА ВТОРА НАГРАДА НА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО БИТОЛА ВО 1967 ГОДИНА.

### ЗА ЛИКОВНО-ПЕДАГОШКА РАБОТА

КАКО ЛИКОВЕН ПЕДАГОГ ИМА ГОЛЕМ БРОЈ НАГРАДИ, МЕДАЛИ, БЛАГОДАРНИЦИ, ПЛАКЕТИ И ДРУГО ОД ГОЛЕМИТЕ ЛИКОВНИ ДЕТСКИ ЦЕНТРИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО, КАКО ОД СКОПЈЕ, КРАГУЕВАЦ, БЕЛГРАД, НОВИ САД, САРАЕВО, КОСТАЊЕВИЦА НА КРКА, СЛОВЕЊ ГРАДЕЦ, ЉУБЉАНА, ЗАГРЕБ, ХЛЕБИЊЕ, ЊУ ДЕЛХИ, МОСКВА, БУКУРЕШТ И ДРУГИ МЕСТА. МЕЃУ ПОВАЖНИТЕ СЕ:
РЕПУБЛИЧКАТА НАГРАДА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ЗА 1978 ГОД. КАКО НАЈВИСОКО ОПШТЕСТВЕНО ПРИЗНАНИЕ ЗА ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СР МАКЕДОНИЈА; ПОВЕЛБАТА ОД СУБНОР НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА И СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА МЛАДИНА НА БИХ ЗА ПРИДОНЕС ЗА СОЦИЈАЛИСТИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ — ДОДЕЛЕНО ВО БИХАЌ ВО 1977 ГОДИНА;
ПРИЗНАНИЕТО ОД ДРУШТВОТО НА ЛИКОВНИТЕ ПЕДАГОЗИ НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ДОЛГОГОДИШНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛИКОВНОТО ВОСПИТУВАЊЕ ВО ЈУГОСЛАВИЈА, ДОДЕЛЕНО ВО БАЊА ЛУКА ВО 1978 ГОДИНА; СПОМЕН-ПЛАКЕТА НА ГРАДОТ ЗАГРЕБ ВО 1969 Г., НАГРАДАТА „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" НА ГРАД БИТОЛА ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ОД СИЗ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО 1976 ГОДИНА; ЗЛАТНА ПЛАКЕТА НА V ГРАФИЧКО БИЕНАЛЕ ВО КОСТАЊЕВИЦА НА КРКА — СЛОВЕНИЈА; НАГРАДАТА НА ВОЗДУХОПЛОВНИОТ СОЈУЗ НА ЈУГОСЛАВИЈА — ДОДЕЛЕНА ВО МОСТАР ВО 1978 ГОДИНА.

НЕГОВАТА ЛИКОВНА СЕКЦИЈА Е ДОБИТНИК НА ВИСОКИ НАГРАДИ. МЕЃУ ПОВАЖНИТЕ СЕ: СОЈУЗНАТА ПЛАКЕТА „4 ЈУЛИ", ПЛАКЕТАТА „КУРИР ЈОВИЦА", ЗЛАТНАТА ПЛАКЕТА НА „ДЕЧЈЕ НОВИНЕ" СКУЛПТУРАТА„ „ПАРТИЗАНСКИ КУРИР" ОД СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА И ДРУГИ.



ПОКРОВИТЕЛ

**РО „Преспатекс"**

ТЕКСТИЛНА ФАБРИКА – РЕСЕН











СЛИКА
ЗА
ВАШИОТ
ДОМ



Телеграм: „ПРЕСПАТЕКС“ — Ресен
Телефон: **(096) 74-147** и **74-188**
Поштенски фах: 78
Телекс: **53-849**
Железничка станица: Битола
Текушта сметка: . . **40310-601-908**
Филијала — Ресен

# ро „Преспатекс“

## ТЕКСТИЛНА ФАБРИКА – РЕСЕН

*ПРОИЗВЕДУВА:*

ВЕШТАЧКО КРЗНО ДЕТСКА КОНФЕКЦИЈА, БОЛНИЧКА ХТЗ ТЕКСТИЛНА ОПРЕМА И ПОЛИПРОПИЛЕНСКИ ВЛАКНА

РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ЧИЈ СОСТАВ ВЛЕГУВААТ ТРИ ООЗТ И РАБОТНА ЗАЕДНИЦА-ЗАЕДНИЧКИ СЛУЖБИ

ООЗТ
КРЗНО

ООЗТ
КОНФЕКЦИЈА

ООЗТ
ХЕМИСКИ ВЛАКНА



**ро „Преспатекс"**
**ТЕКСТИЛНА ФАБРИКА – РЕСЕН**